# Општа скала на оценки за прелиминарни предмети

Општата скала на оценки што е прикажана подолу се користи при известување за постигнатиот успех на учениците во клас од прелиминарната фаза 6 (Preliminary Stage 6 year) во сите училишта во NSW.

Општата скала на оценки го опишува постигнатиот успех за секоја оценка.

| Оценка | Општа скала на оценки за прелиминарни предмети |
|---|---|
| A | Ученикот покажува широко познавање на содржината и разбирање на идеите опфатени со предметот, и применува високо развиени вештини и методи во најразлични ситуации. Во дополнение, ученикот покажува креативност и способност да размислува критички користејќи продлабочена анализа и проценка. Ученикот ефикасно изнесува сложени идеи и информации. |
| B | Ученикот покажува темелно познавање на содржината и разбирање на идеите опфатени со предметот, и применува добро развиени вештини и методи во различни ситуации. Во дополнение, ученикот покажува креативност и способност да размислува критички користејќи анализа и проценка. Ученикот јасно изнесува сложени идеи и информации. |
| C | Ученикот покажува солидно познавање на содржината и разбирање на идеите опфатени со предметот, и применува вештини и методи во различни познати ситуации. Во дополнение, ученикот покажува вештини при избирање и интегрирање на информации и изнесува битни идеи на соодветен начин. |
| D | Ученикот покажува основно познавање на содржината и разбирање на идеите опфатени со предметот, и применува вештини и методи во некои познати ситуации. Во дополнение, ученикот покажува вештини при избирање и користење на информации и изнесува идеи на описен начин. |
| E | Ученикот покажува минимално познавање на содржината и разбирање на идеите опфатени со предметот, и применува некои вештини и методи со помош. Во дополнение, ученикот покажува основни вештини при прераскажување на информации и изнесување на идеи. |

| Grade | Common Grade Scale for Preliminary Courses |
|---|---|
| A | The student demonstrates extensive knowledge of content and understanding of course concepts, and applies highly developed skills and processes in a wide variety of contexts. In addition the student demonstrates creative and critical thinking skills using perceptive analysis and evaluation. The student effectively communicates complex ideas and information. |
| B | The student demonstrates thorough knowledge of content and understanding of course concepts, and applies well-developed skills and processes in a variety of contexts. In addition the student demonstrates creative and critical thinking skills using analysis and evaluation. The student clearly communicates complex ideas and information. |
| C | The student demonstrates sound knowledge of content and understanding of course concepts, and applies skills and processes in a range of familiar contexts. In addition the student demonstrates skills in selecting and integrating information and communicates relevant ideas in an appropriate manner. |
| D | The student demonstrates a basic knowledge of content and understanding of course concepts, and applies skills and processes in some familiar contexts. In addition the student demonstrates skills in selecting and using information and communicates ideas in a descriptive manner. |
| E | The student demonstrates an elementary knowledge of content and understanding of course concepts, and applies some skills and processes with guidance. In addition the student demonstrates elementary skills in recounting information and communicating ideas. |